До
Националната комисија за учебници

Предмет: Известие од известителот проф. м-р Сашо Татарчевски за давање предлог за одобрување и употреба на ракопис.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup
15 JUN 2026

| Орг. един.: | Број: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlere: |
|---|---|---|---|
| 26 | 629/2 | | |

Според решение бр. од од Министерството за образование и наука на РМ/Педагошка служба, како член известител го давам следното

ИЗВЕСТИЕ

за ракописите за учебник по предметот **Музичка уметност** за II (втора) година гимназиско образование.

Пет ракописи со шифри 016, 017, 018, 019 и 020 беа доставени на конкурсот распишан од Министерството за образование за избор на учебник за предметот **Музичка уметност** за II (втора) година гимназиско образование. По разгледувањето на пристигнатите ракописи Бирото за развој на образованието (во понатамошниот текст БРО) до педагошката служба достави стручно мислење за сите ракописите со шифри 016, 017, 018, 019 и 020 заведено под број 26-319/18 од 24.03.2026 година. За три од добиените ракописи (шифра 018, 019 и 020) БРО констатира дека ги задоволуваат барањата за усогласеност со наставната програма и дава позитивно мислење, додека за ракописите под шифра 016 и 017 БРО констатира дека не ги задоволуваат истите критериуми и не даава позитивно мислење.

Во мислењето од БРО нема посебни забелешки за ракописот под шифра 018. За ракописот под шифра 019 БРО има неколку забелешки во врска со недостаток на поими во одредени наставни содржини. За ракописот под шифра 020 БРО има забелешка поврзана со непостоењето речник на нови поими, како и забелешка поврзана со начинот на пишување на музичките скали.

Рецензентската комисија во состав Невенка Дуковска, Сашо Поповски и Јован Василевски даде свои стручни мислења за трите ракописи одобрени од БРО, при што даваат генерално позитивно мислење за ракописите под шифра 018 и 019 но со низа сериозни забелешки. За разлика од тие два ракописа, комисијата нема никакви забелешки на ракописот под шифра 020, напротив, дури и не се согласува со една од забелешките од страна на БРО поврзана со начинот на пишување на музичките скали. Во согласност со тоа, рецензентската комисија предлага ракописот со шифра 020 да биде избран за учебник кој ќе се користи во наставата по предметот **Музичка уметност** за II (втора) година гимназиско образование.

Врз основа на мислењата Бирото за развој на образованието и од страна на рецензентската комисија во состав Невенка Дуковска, Сашо Поповски и Јован Василевски, како известител за учебникот по предметот **Музичка уметност** за II (втора) година гимназиско образование предлагам коригираниот ракопис (со корекциите предложени од страна на БРО) со шифра 020 да биде прифатен за печатење.

Со почит,

Известител:
проф. м-р Сашо Татарчевски

С Татарчевски